ИСТОРИСКИ И СОЦИЈАЛЕН АСПЕКТ НА ШПАНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВНАТА СОДРЖИНА

Марија Тодорова
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Апстракт: Да се учи јазик, е многу повеќе од совладување и усовршување на неговите форми, структури, значења со цел да се употребува правилно во процесот на комуникација било да е тоа во рамките на наставниот или надвор од наставниот процес. Изучувањето на еден јазик опфаќа запознавање со историјата на јазикот т.е. потеклото и развојот на еден јазик но и запознавање со социјалната страна на јазикот, како и каде се манифестира „социјалноста“ на јазикот. Едно од клучните прашања, кое всушност е и предмет на овој труд е како да го „предадеме“на учениците и студентите историскиот и социјалниот аспект на јазикот при изведувањето на наставата со цел полесно и поефикасно совладување на јазикот, во случајот шпанскиот јазик.

Клучни зборови: јазик; историја; социјалност на јазикот; наставен процес.

HISTORICAL AND SOCIAL ASPECT OF SPANISH LANGUAGE IN THE TEACHING PROCESS

Marija Todorova
Faculty of Philology - Stip

Abstract: Language learning is much more than learning and practicing its forms, structures, meanings in order to use them properly in the communication process, in or out of the classroom. Language learning includes also the process of learning the history of the language, i.e. the origin and development of the language, and getting acquainted with the social aspect of the language, in terms of the manner and the area of its manifestation. One of the key issues, covered by this paper is teaching the historical and social aspects of language to students in order to make the process of Spanish language learning easier and more effective.

Key words: language; history; social aspect of language; teaching process.

Вовед

Историчноста и социјалноста се основните аспекти на еден јазик. *Историјата* може да се разбере како комбинација од внатрешна и надворешна историја. *Внатрешната* историја на еден јазик вклучува сé она што е од јазична природа, како на пример фонологични, граматички и лексички промени. Прашањата кои нас не интересираат се: Какви промени настанале во потеклото на зборовите со текот на времето? Кои граматички структури биле изгубени и какви други структури се појавиле за да ги заменат? Кои се најважните извори на новите зборови?

Надворешната историја е историјата на луѓето, или народите кои што го зборуваат јазикот. Историјата на јазикот се фокусира главно на настаните, кои влијаеле врз промените и неговиот развој. Така, надворешната историја се занимава со прашања како следниве: Кои народи го зборувале јазикот, првично? Кои други народи го прифатиле јазикот и под какви околности? Кои инвазии, миграции и други настани придонеле за моменталната географска и демографска распределба на јазикот? Како културниот развој влијаел врз развојот на јазикот? Изучувањето на историјата на еден јазик опфаќа изучување на неограничен број фази низ кои минал јазикот со текот на времето. Така, изучувањето на шпанскиот јазик, започнува со истражување на првата документирана фаза на јазикот, латинскиот јазик. *Социјалноста* пак претставува линк, врска меѓу јазикот и општеството. Општеството не може да постои без јазикот и јазикот е бесмислен без општеството. Секој еден јазик претставува различна слика на реалноста. Преку него го разбираме светот на свој начин, во зависност од тоа што е важно за нас.

Подолу ќе ги разгледаме двата аспекта поодделно и потребата од нивно „предавање“ во текот на наставата.

Главен дел

1. **Историски аспект на шпанскиот јазик**

Историјата на шпанскиот јазик е дел од историјата на Шпанија и Латинска Америка. Настаните кои ја градат историјата на Пиринејскиот полуостров, населувањето на територии, миграции, инвазии, војни и политички катаклизми ја оформиле историјата на шпанскиот јазик. Настани како што се: Романската инвазија, инвазијата на муслимани, откривањето на Америка, Ренесансата и Просветителството влијаат на шпанскиот јазик. Без Романската инвазија на пример, пиринејскиот јазик сеуште би останал пиринејски, или пак визиготски или арапски. Без муслиманската инвазија, можеби современиот шпански јазик не би се засновал на кастилскиот дијалект. Ако пак немало Ренесанса или Просветителството, во речникот на шпанскиот јазик не би постоеле зборови од латинско или грчко потекло т.е. заемки от латински и грчки.

Основа на шпанскиот јазик е латинскиот и со текот на времето, преку јазични промени доаѓа до појава на средновековниот кастилски јазик кој се трансформира во современ шпански јазик. Јазичните промени може да бидат фонологични, морфолошки или синтактички.

- Во наставата по шпански јазик, на предавањата по **граматика**, на учениците треба да им се објаснат тие граматички промени кои се случиле со текот на времето. Многу ученици го согласуваат глаголот haber со предметот во некои безлични изрази, како на пр. „habian (треба да е: había) dos coches ante la casa“ - "имаше два автомобила пред куќата“, и „habrán (треба да е: habrá) varios tipos de comida en la fiesta“ - "ќе има неколку видови храна на забавата". Од друга страна

пак, не постои согласување при употребата на заменки за индиректен предмет за еднина "le" и за множина "les": На пр. „Le (треба да е: Les) escribo a mis amigo**s**“ - "Им пишувам на моите пријатели". Денес, во современиот шпански јазик удвојувањето на предметот од стариот систем ge lo (ge la итн.) се заменува со se lo.

Кога во една реченица има два глагола еден по друг, во средновековниот кастилски јазик, заменката за предметот обично е по првиот глагол: "pero debes **me** perdonar“ – „но треба да ми простиш", додека во современиот шпански јазик, заменката е пред првиот глагол и е одвоена од него или го следи вториот и е слеана со глаголот „pero **me** debes perdonar“ или „pero debes perdonar**me“.**

Кога пак имаме императив во современиот шпански јазик, личната заменка за директен / индиректен предмет доаѓа по глаголот и слеано со него (dígame), додека во стариот систем, во зависност од контекстот, заменките биле поставени пред или по конјугирани глаголи. Друга промена што настанала со текот на времето е употребата на "que" наместо "de quien", „Es el muchacho que (треба да е: de quien) te hablé ayer“ - "Ова е момчето за кого ти зборував вчера".

Во современиот шпански јазик се користи т.н. "лично А" (personal A) пред директни предмети - лица ("Veo **a** Juan" – Го гледам Хуан) или персонифицирани лица ("tú temes **a**l éxito tanto como al fracaso"- Се плашиш од успехот исто толку, колку и од неуспехот). За време на средновековието, во кастилскиот јазик оваа употреба не била развиена целосно односно "личното А" станува целосно задолжително во седумнаесеттиот век.

Исто така се забележува промена и во функциите на личната заменка vos, уште од почетокот на средновековието кога ги врши речиси сите функции, но меѓу шеснаесеттиот и осумнаесеттиот век vos постепено ја губи својата функција во јазикот зборуван во Шпанија, а како таква не успева да остане во употреба и во Америка. Употребата на vos / bos / наместо tú, се нарекува voseo, и е во конкуренција со tuteo во скоро сите земји од Латинска Америка со исклучок на Карипските острови. И на крајот, треба да се напомени дека по многу промени, голем број скратеници и деформации, дури и современиот шпански јазик, во голем дел од земјите каде што е зборуван, го отстранил vosotros, и на негово место се употребува ustedes. На пример во западна Андалузија жителите не се решаваат меѓу ustedes "hacen" и ustedes "hacéis" (што всушност е форма на глаголот за vosotros) и на Канарските острови и во Америка, каде што се користи само форма ustedes "hacen". Поради сите овие причини, личните заменки за второ лице, се различни во шпанскиот јазик во Шпанија и шпанскиот јазик во Америка.

Сега, во современиот шпански јазик во Шпанија, личните заменки за второ лице се:

еднина	множина
Неучтиво: tú	Неучтиво: vosotros
Учтиво: usted	Учтиво: ustedes

Во современиот шпански јазик во Америка, личните заменки за второ лице се:

еднина	множина
Неучтиво: tú	Неучтиво: vosotros, **ustedes**
Учтиво: usted	Учтиво: ustedes

Веќе споменатиот "Chicano" шпански јазик со примеси од англиски јазик, зборуван во САД, е одличен пример за синтаксички промени во шпанскиот јазик. На пример "hizo *improve* mucho" наместо "mejoró mucho" - "He / She improved a lot", што е пример за синтаксичката конструкција "hacer" - "to do" + инфинитив од англиски јазик или пак "Los están *busing* pa otra escuela" наместо "Los transportan a otra escuela en autobús" - 'They are busing them to another school', кој илустрира конструкцијата "estar" - 'to be' + English gerund (англиски герунд).

- Во наставата по шпански јазик, на часовите предвидени за **изговор**, на учениците треба да им се објаснат некои фонетски промени, т.е. промени во изговорот на букви или зборови што настанале со текот на времето. Соодветен пример за тоа е изговорот на "новите" букви ch и ll кои во 1803г за прв пат се наведени како независни од буквите „c“ и „l“. И покрај направените промени во изданијата на речниците сеуште може да се најдат речници без буквите ch и ll односно само со буквите c и l. Исто така треба да се напомени дека во некои дијалекти со текот на времето [tʃ] се изговара како [ts], па chico "мало дете" се изговара [tsíko]. Во некои дијалекти на современиот шпански "y" и "ll" почнуваат да се изговараат на ист начин во зборови, пример halla - "тој / таа наоѓа“ и haya - "тој / таа може да има" и др.
- До овој момент ние сме фокусирани на фонологичната, морфолошката и синтаксичката историја на шпанскиот јазик, но речникот, познат уште како лексикон исто така има своја историја. Таа историја како и лексичките т.е. промените во речникот треба да се објаснат на учениците за време на часовите по **лексика**, предвидени за надградување и збогатување на речникот на учениците. Се јавува потреба професорот да ги објасни различните видови зборообразување, потеклото на зборовите, семантичките промени, воведувањето на нови зборови итн. Ќе погледнеме на кој начин различни зборови станале дел од шпанската лексика. Има основно три категории на зборови: оние кои директно преминале од зборуваниот латински во кастилски јазик (наречени предадени зборови), оние кои се усвоени од други јазици (заемки), како и оние кои се создадени како резултат на внатрешните промени на јазикот.

Во категоријата предадени зборови се оние кои постоеле во латинскиот јазик, кој е основа на шпанскиот, и се пренесувале од генерација на генерација до денес. Оваа категорија ги вклучува речиси сите најчесто употребувани зборови во јазикот. Треба да се спомене дека сите предадени зборови не се со потекло од изворниот латински јазик.

На пример, речникот на пиринејскиот латински јазик вклучува зборови од предроманските јазици како на пример од келтски: cama "кревет", carro "кошница", cerveza "пиво", camino "пат", од форми на германскиот јазик: sopa "супа", banco "клупа", guerra „војна“, blanco „бело“, од хеленизми (латинизми од грчко потекло): baño "бања", cesta „кошница“, cuchara „лажица“, cuerda „јаже“ итн.

Многу странски јазици во зависност од врската меѓу нивните говорници и говорниците на шпанскиот јазик или лингвистичките корени на шпанскиот јазик придонеле за појава на заемки во речникот на шпанскиот јазик. Заемката е збор кој постои во речникот на еден јазик и се префрла во речникот на друг, така што се приспособува на фонетските и морфолошките карактеристики на новиот јазик (Без адаптација, зборот останува туѓ). На часовите по лексика треба да се објасни од кој јазик е земен зборот и во кој временски период зборот е воведен во шпанскиот јазик. Кастилскиот јазик присвојува зборови од латинскиот (латинизми), од самиот почеток на своето постоење како посебен јазик, кои понатаму се сретнуваат и во современиот шпански. Пример: omnipotent → omnipotente "семоќниот", miraclo → milagro "чудо", benignidat → benignidad "мекост", virginidat → virginidad "невиност", procesión → procesión "процес“, додека на пример organo → órgano "орган" и evangelista "евангелист", се грчки зборови предадени на кастилскиот преку латинскиот, т.е. тие се латински хеленизми или латинизми од грчко потекло.

Треба да се спомене дека за лексикологијата голем придонес имаат и народите кои учествувале директно во историјата на Пиринејскиот полуостров, како на пример Келтите, Баскијците, Визиготите, муслиманите. Се разбира, и другите јазици развиени на полуостровот, како галициско-португалскиот и каталонскиот, исто така, влијаат врз лексиката. Бидејќи говорителите на последните два јазика живеат во региони со директен пристап до морето разбирливо е дека голем дел од кастилскиот речник се состои од заемки од португалскиот јазик (almeja "школка", balde "кофа“, mejillón "школка", tanque "резервоар") и заемки од каталонскиот јазик (buque "голем брод", golfo "залив“, muelle "пристаниште", timonel "кормилар“ итн.)

Странските јазици влијаеле на шпанската лексика и со внесувањето на нивната култура преку пишаниот збор. Таков е случајот со италијански, француски, англиски и грчки јазик. Италијанизмите кои се среќаваат во многу семантички полиња ни ја отсликуваат италијанската култура. Најмногу се среќаваат во: литературата (novela "роман", soneto "сонет"), театарот (bufón "шут", comediante "актер, комедијант"), архитектурата (balcón "тераса", fachada "фасада") и музиката (serenata "серенада"). Италианизми исто така често се среќаваат и во други семантички полиња како на пример: армијата (batallón "баталјон", emboscada "заседа"), трговијата (bancarrota "банкрот", crédito "кредит" и "заем"), и општеството (charlar "разговарам ", cortejar "додворување").

Исто така на часовите по лексика треба да се обрне внимание на образувањето на зборови со помош на префикси и наставки и создавање на нови зборови со комбинирање на два или повеќе претходно постоечки збора.

Префикси (морфеми додадени во почетокот на друга морфема) на шпански јазик. Постојат т.н. *популарни* префикси како оние на a-grupar "групира“, des-coser " рашивам", en-cabezar "предводи, управува", es-coger "избирам", entre-comillar "да поставам во наводници", sobre-pasar „надминувам", tras-nochar "да остане буден цела ноќ", итн. Исто префикси - латинизми, кои се појавуваат во ad-aptar "да се приспособуваат“, dis-cernir "да препознаваат“, ex-carcelar "да се ослободи од затвор", inter-ferir "да се меша", trans-porte "транспорт". Во формирањето на зборовите во шпанскиот јазик често се среќаваат и префикси - хеленизми во зборови како afónico "засипнат" anti-americano "антиамерикански", dia-crónico "диахронен". Префиксите не ја менуваат граматичката категорија на основата (des-coser "рашивам", како и coser "шијам") но влијаат врз нивното значење.

Наставките (морфеми додадени на крајот на други морфеми) пак за разлика од префиксите, може да ја променат граматичката категорија на нивните основи: од глаголот hallar "да се најде", се добива именка hall-azgo "откритие", од глаголот perdurar "трае долго", придавката perdur-able "траен", од придавката español "шпански", глаголот españolizar "шпанизира".

"Chicano" шпанскиот јазик е пример и за семантички промени, промени во смислата (за англиски / шпански), кои се потешки за откривање, како на пример употребата на retirar "to withdraw" за jubilar 'to retire', или на atender „to attend to“, за asistir „to attend“, т.е. шпанските зборови се согласуваат со своите еквиваленти од англискиот јазик (иако имаат различно значење). Исто така имаме формирање на зборови односно "шпанизирање" на англиски зборови: taipear "to type", puchar "to push", mistir "to miss" (mistir un tren - 'to miss a train') итн.

2. Социјалниот аспект на шпанскиот јазик

Повеќето јазици не се хомогени. Тие се делат на групи и подгрупи во зависност од социјалната, географската, професионалната поделба на општеството. Така, од една страна постојат: територијални дијалекти на јазикот, социјални дијалекти (социолекти), јазик на одредена група (жаргон и сленг), професионални дијалекти итн., и од друга страна, јазикот се дели на: книжевен јазик, јазик зборуван од медиумите, јазик кој се користи во официјалните документи и од образованите луѓе, јазик кој се употребува во литературата, јазикот на улица и разговорниот стил на кои комуницираат луѓето во своето секојдневие, јазикот на младите итн.

Книжевниот јазик обично е официјалниот јазик на една земја односно книжевниот јазик е јазикот на кој "треба" да зборуваме и пишуваме, а дијалектот е јазикот на кој всушност зборуваме и пишуваме.

Социолектите се разновидност, говори на определен јазик организирани не толку на регионален принцип, како што е случај со територијалните дијалекти, туку повеќе на општествен принцип. Тие се зборуваат од групи луѓе со идентична социјална положба, професија, занимање итн. без разлика на која територија, регион од

општеството припаѓаат. Во социолектите често се користат специфични зборови и изрази.

Територијалниот дијалект е вид на јазикот зборуван од жители на одредена јазична територија.

Под *жаргон* вообичаено се разбира, неформалното општење и јазик, т.е. социјален говор на лица, обединети поради слични професии, степен на образование, интереси, начин на живот и друго.

Лексиката и фразеологијата на жаргонот може да се добиени преку промена во смислата на официјалниот јазик, од територијалните дијалекти на еден јазик или од носителите на жаргонот. Во жаргоните недостасуваат многу граматички форми односно имаат дефектна граматичка структура, реченициите обично се кратки, со многу пропусти, со небрежен изговор. Од тука, поради хетерогеноста на јазикот, можеме да кажеме дека неговите карактеристики зависат од граматичките, фонетските, синтаксичките и лексичките карактеристики на различните говори на јазикот т.е. на дијалектите, жаргоните итн. Така, стигнуваме до едно клучно прашање кое за нас е многу интересно и од големо значење, а тоа е, појавата на "социјалоста“ при изучување на шпанскиот јазик.

- На часовите предвидени за **изговор**, потребно е ние како наставници по определен странски јазик да им ги објасниме на учениците / студентите основните фонетски карактеристики на странскиот јазик. Бидејќи, шпанскиот јазик го зборуваат 400 милиони луѓе во светот, официјален јазик е во 20 држави и втор официјален јазик во голем дел од Северна Америка тој има многу дијалекти, со различен изговор на звуците. При неговото изучување треба да се обрне големо внимание и да се објасни изговорот на буквите од азбуката во различни земји каде што се зборува шпанскиот јазик т.е. во различните дијалекти на шпанскиот јазик.

Една од карактеристиките на порториканскиот и кубанскиот дијалект на шпанскиот јазик е дека дијалектот е "yeista" што значи дека "y" и "ll" се една иста фонема и се изговараат како македонското "ј", исто така, дијалектот е "seseante" бидејќи буквите "s", "z" и "c" се една иста фонема и одговараат на македонското "с", но кога "s" е на крајот од еден збор или слог никогаш не се изговара [z] или [s] како кај другите дијалекти, туку [θ]. На пример зборот "desde" наместо [dézðe], се изговара [déθde], "luz" наместо [luz], се изговара [luθ] итн.

Мексико-американскиот јазик и "chicano" јазикот се еден ист дијалект т.е. мексико-шпански дијалект со лексички заемки од англиски јазик. Карактеристично за овој дијалект е: дислоцирање, преместување на акцентот во зборовите, како на пример maíz - maiz; промена на звукот на неакцентираните вокали, како на пример "policía" - [polecía] "manejar" - [manijar]; губење на палаталната меѓувокална / y /: "gallina" - [gaína] наместо [gayína] "estrellita" - [estreíta] наместо [estreyíta].

При изучување на шпанскиот јазик, исто така е многу важно на учениците да им се претстави и објасни важноста на интонацијата и повишувањето на гласот при изговорот на зборовите или реченициите како потврдни така и прашални и извични. Како пример за социјалниот аспект на јазикот може да се наведе тоа што јазикот кој го зборуваат луѓето од Лос Анџелес или Ел Пасо ги има истите особеностите со јазикот кој го зборуваат луѓето од Гвадалахара, Мексико, Гватемала, Богота, Лима итн.

- На часовите по **граматика** треба да им објасниме на учениците дека носителите на јазик т.е. дијалект од различни географски, социјални групи зборуваат различно од официјалниот јазик. Како што веќе споменавме погоре може да недостасуваат граматички форми или да има разлики во граматичките конструкции. Во САД на пример, дел од Афроамериканците неправилно го употребуваат глаголот "to be" по лица или не го употребуваат воопшто: "I know you *was* busy that night" или "I *are* busy", или пак "We _ in the playoffs. Нивниот жаргон има свои карактеристики и при пишувањето: wit – with, "*Dats* my wish" - "*That's* my wish", "Talk to *dem*" - "Talk to *them*", "10 more *dayz*" - "10 more *days*", "We in *da* room " - " We are in *the* room ".

  И во шпанскиот јазик многу често се меша употребата на глаголот "сум" т.е. глаголите "ser" и "estar". Ниската класа, необразованите луѓе во земјите каде што се зборува шпанскиот јазик често го употребуваат глаголот "ser“ во случаи кога правилно е да се употреби глаголот "estar" и обратно. На пример: ¿Cómo **está** tu mamá? - Како е мајка ти?; ¿Cómo **es** tu mamá? - Која е мајка ти? Исто така, многу важно за шпанскиот јазик е да се објасни дека "vosotros, as", личната заменка за 2 лице множина се употребува само во Шпанија, додека во Латинска Америка "vosotros, as" не постои и се употребува учтивата форма "ustedes" во сите ситуации, и во случаи кога изразува или не изразува учтивост. Пр. ¿Vosotros habláis español? - Зборувате ли шпански? – Неучтива форма ¿Uds. hablan español? - Зборувате ли шпански? - Учтива форма

- Во наставата по **лексика,** за да се објасни социјалниот аспект на јазикот необходно е да се објасни на прво место значењето на "tilde" (напишаниот акцент) кај зборовите, т.е. да се објасни дека исти зборови со или без "tilde" имаат различно значење, па дури и различна граматичка форма. Примери:

te – повратна заменка, заменка за директен/индиректен предмет за 2л. ед.	**té** - чај
mi – присвојна заменка	**mí** – лична заменка
tu - присвојна заменка	**tú** - лична заменка
el – определен член	**él** - лична заменка
si – сврзник „ако“	**sí** – честица со потврдно значење
se – повратна заменка	**sé** – форма на глаголите „ser“ и „saber“
de - предлог	**dé** - форма на глагола „dar“

mas – сврзник „или“	**más** - наречие за количество
que, quien, cual, cuanto, donde, cuando, como … - односни заменки	**qué, quién, cuál, cuánto, dónde, cuándo, cómo**… - прашални заменки и извични зборови

Исто така треба да се објасни на учениците дека Шпанците и Јужноамериканците во своите речници имаат различни зборови со исто значење (исто како и Англичаните и Американците). Пример за "убаво" во Шпанија се користи речиси секогаш зборот "guapo" или "bonito" а во Латинска Америка повеќе се употребува зборот "lindo".

Заклучок

Запознавањето со историскиот и социјалниот аспект на изучуваниот јазик е од големо значење за учениците и студентите не само за професионални цели туку и за цели и намени во секојдневниот живот. Затоа, задача на секој наставник, професор е да умее да ги вклучи во наставата но и да ги објасни при реализација на наставниот процес т.е. при изведувањето на наставата, сé со цел студентите да бидат теоретски запознаени со јазикот, а потоа и подготвени за негова примена во практика.

Библиографија

1. 1. Janson, T. *A Natural history of Latin.* New York: Oxford University Press Inc., 2004.

2. Pharies, D. A. *Breve historia de la lengua española.* Chicago: University of Chicago Press, 2007.

3. Cobos, Rubén. *A Dictionary of New Mexico and Southern Colorado Spanish*. Santa Fe: Museum of New Mexico Press, 1983.

4. Симеонова, Й. *Преподавателят по чужд език. Комуникативна ориентация и комуникативност в обучението*. София, 2000

5. Симеонова, Й. *Технология на урока, Чуждоезиково обучение, 2.* София, 2010